Center for Regional Policy Research and Cooperation

# СУДИР НА ИНТЕРЕСИ, НЕПОТИЗАМ И КРОНИЗАМ

## Законска рамка и истражување на јавното мислење




Марија Саздевски Вангеловски
Владимир Клековски

# ПОИМИ И ЗАКОНСКА РАМКА

# *ШТО Е СУДИР НА ИНТЕРЕСИ?*

Корупцијата претставува **користење на јавната функција за лична корист**, и секогаш вклучува судир на интереси

Но, не сите случаи на судир на интереси се истовремено и случаи на корупција!

***одлука + приватен интерес = судир на интереси***

- Реален
- Потенцијален

# ПОЈАВНИ ФОРМИ НА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

***Давање предност на одреден поединец или група врз основа на…***

**Непотизам**
- Семејна или роднинска врска

**Кронизам**
- Партиско-политички односи

**Клиентелизам**
- Покровителство на пријатели или друга општествена “обврска“

# ЗАКОНСКА РАМКА (1)

- **Закон за спречување на корупција и судир на интереси**

*„...Состојба во која било кое избрано или именувано лице или вработен во јавниот сектор има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасно вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“*

**Домашното законодавство не содржи експлицитна дефиниција за специфични појавни облици на судирот на интереси, како што се непотизам или кронизам**

# ЗАКОНСКА РАМКА (2)

- **Постојат поголем број законски прописи и етички кодекси**

- **Законски прописи кои ја пропишуваат постапката пред судовите и органите на управата**
  - Закон за парничната постапка
  - Закон за кривичната постапка
  - Закон за општата управна постапка
  - Закон за вонпарничната постапка

# ЗАКОНСКА РАМКА (3)

- Закон за јавните набавки
- Закон за судска служба
- Закон за јавно-обвинителска служба
- Закон за трговските друштва
- Закон за здруженија и фондации
- Етички кодекс за државните службеници
- Етички кодекс за јавните службеници
- Етички кодекс на јавните обвинители
- Кодекс на етика на вработените во судската служба
- Етичкиот кодекс на стечајните управници
- Етички кодекс на инспекторите

- И повеќе други етички кодекси во различни сектори (банкарство, внатрешни ревизори, осигурување, кодексот на судска етика, кодекс на професионалната етика на адвокатите, судиите и други).

# ИСПИТУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

# Методологија и примерок

- Теренска анкета
- Квантитативен прашалник со 20 прашања
- Период на анкетирање: 17 ноември - 2 декември 2019
- Репрезентативен примерок од 1.000 испитаници:
  - население постаро од 18 години;
  - критериуми за репрезентативност: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и регионална застапеност
- Репрезентативност на примерокот:
  - Пол - 50,3% жени и 49,7% мажи,
  - Етничка припадност - 66,9% Македонци, 24,9% Албанци, 8,3% други етнички заедници
  - Место на живеење - 42,2% од рурална средина, 57,8% од урбана средина
- Реализација на анкета: „М-Проспект“

# Дали досега сте се сретнале со следните поими?



# Ниво на образование и запознаеност со поимот судир на интереси

| | Образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Судир на интереси | незавршено основно | основно | средно | вишо | високо | постдипломски студии |
| Да и јасно ми е негово значење | 9,5% | 23,8% | 45,8% | 73,3% | 68,6% | 81,3% |
| Да, но не сум сигурен/на за значењето | 23,8% | 36,1% | 34,6% | 17,8% | 23,9% | 12,5% |
| Не, никогаш не сум слушнал/а | 57,1% | 30,3% | 12,6% | 2,2% | 4,4% | 0,0% |
| Не знае | 9,5% | 9,8% | 5,1% | 6,7% | 2,7% | 0,0% |
| Одбива да одговори | 0,0% | 0,0% | 1,9% | 0,0% | 0,4% | 6,3% |

# Според Вас, која од следниве ситуации е пример на непотизам во јавниот сектор:



# Според Вас, која од следниве ситуации е пример за кронизам во јавниот сектор:



# Според Вас, судир на интереси може да се јави:



# Дали знаете каде можете да пријавите сомневање или сознание за постоење на судир на интереси во јавниот сектор?



# Колку се согласувате со следните ставови?



# Колку се согласувате со следните ставови:



# Дали вашиот работодавач има пропишани политики и мерки за сузбивање на судир на интереси?



# Дали вашиот работодавач има пропишани политики и мерки за сузбивање на судир на интереси? (според работен статус)

| | Работен статус | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Самовработен / слободна професија | Вработен во приватна фирма | Вработен во јавен сектор | Вработен во мешовита сопственост | Вработен во здружение/ фондација | Земјоделец |
| Да, и целосно се спроведуваат | 16,7% | 10,4% | 24,5% | 0,0% | 0,0% | 2,9% |
| Да, но не се спроведуваат | 10,4% | 14,7% | 17,4% | 20,0% | 20,0% | 5,9% |
| Не, нема пропишани политики | 33,3% | 38,6% | 25,8% | 60,0% | 20,0% | 67,6% |
| Не знае | 22,9% | 34,0% | 27,7% | 20,0% | 50,0% | 23,5% |
| Одбива да одговори | 16,7% | 2,3% | 4,5% | 0,0% | 10,0% | 0,0% |

# Дали вашиот работодавач има пропишани политики и мерки за сузбивање на судир на интереси? (според образование)

| | Образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Незавршено основно | Основно | Средно | Више | Високо | Постдипломски студии |
| Да, и целосно се спроведуваат | 0,0% | 0,0% | 11,0% | 22,2% | 21,0% | 22,2% |
| Да, но не се спроведуваат | 0,0% | 5,0% | 15,3% | 38,9% | 13,1% | 11,1% |
| Не, нема пропишани политики | 85,7% | 60,0% | 37,7% | 11,1% | 31,8% | 22,2% |
| Не знае | 14,3% | 35,0% | 32,0% | 22,2% | 29,0% | 33,3% |
| Одбива да одговори | 0,0% | 0,0% | 3,9% | 5,6% | 5,1% | 11,1% |

# Според Вас, колку е распространет судирот на интереси во јавниот сектор?



# Според Вас, колку е распространет судирот на интереси во јавниот сектор? (според образование)

| | Образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Незавршено основно | Основно | Средно | Више | Високо | Пост-дипломски студии |
| Во цел/голем дел од јавниот сектор | 14,3% | 32,0% | 48,6% | 60,0% | 55,8% | 50,0% |
| Само кај поединци и изолирани случаи во јавниот сектор | 23,8% | 27,0% | 30,5% | 31,1% | 34,1% | 25,0% |
| Нема случаи на судир на интереси во јавниот сектор | 28,6% | 11,5% | 5,1% | 2,2% | 4,0% | 0,0% |
| Не знае | 33,3% | 28,7% | 14,0% | 6,7% | 4,9% | 25,0% |
| Одбива да одговори | 0,0% | 0,8% | 1,8% | 0,0% | 1,3% | 0,0% |

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

# ЗАКЛУЧОЦИ

- И покрај постоењето на солидна законска рамка која го регулира прашањето на судир на интереси, сепак на ова поле не се работи многу.
- И покрај регулативата, на институционално ниво:
  - нема соодветни политики во рамки на кој се воспоставени процедури за пријавување можен судир на интереси од страна на вработените, или
  - такви процедури постојат но, истите се недоволно познати или афирмирани меѓу вработените.
- Повеќе од половина од испитаниците сметаат дека судирот на интереси ги тангира и приватниот и јавниот сектор, што ја потврдува потребата од пишани политики и процедури кои го уредуваат ова прашање на институционално ниво и во двата сектори.

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Граѓаните не се запознаени со надлежностите на ДКСК и нивното право,односно обврска за доставување претставки за судир на интереси до ДКСК како институција надлежна за спречување и следење на судир на интереси во јавниот сектор.
- Иако граѓаните генерално знаат што е правилно, а што не (вработување по роднински, семејни, пријателски и други врски), сепак не се докрај се запознаени со самото значење на термините непотизам, кронизам, клиентелизам.
- Иако до крај не го разбираат терминот кронизам, сепак 60% од испитаниците сметаат дека припадниците и приврзаниците на политички партии имаат подобар третман во обезбедување на услугите во јавниот сектор.

# ПРЕПОРАКИ

- Неопходно е воведување **мерки за подигање на свеста и знаењето за превенција на корупцијата и судирот на интереси** **и во приватниот сектор**.
- Потребно е **јакнење на јавната свест, информирање и едукација** за значењето и негативните ефекти од судирот на интереси, односно како да се препознаат и кои активности треба да ги преземат, вклучително и обезбедување на лесно читливи формални и неформални водичи или прирачници и консултативни алатки
- Потребно е **преземање сериозни мерки и активности за менување на имиџот и на државата и на политичките партии** во однос на перцепцијата на испитаниците дека припадниците и приврзаниците на политички партии имаат подобар третман во добивање услуги во јавниот сектор.

# ПРЕПОРАКИ

Потребно е институциите – како јавните така и приватните:

- да обезбедат и имплементираат **соодветни политики, процеси и практики во работната средина кои ќе охрабрат ефективна контрола и справување со ситуации на судир на интереси**
- да демонстрираат јасна посветеност, а особено ДКСК во **постапување и одлучување по конкретни предмети на судир на интереси, и континуираното периодично мониторирање и проценување на ефикасноста на политиките за судир на интереси**

# ПРЕПОРАКИ

- Институциите и службените лица треба да обезбедат **конзистентност и соодветен степен на отвореност во процесот на справување / разрешување на ситуации на судир на интереси**

- Механизмите за разрешување на ситуации со судир на интереси мора да се надградуваат врз основа на **зајакната соработка со граѓанскиот и деловниот сектор**. Ова е клучно кога избраните лица во државните институции доаѓаат од други сектори, и од кои се очекува да се искористи нивното знаење, искуство и вклученост.

# БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВНИМАНИЕТО!

www.studiorum.org.mk